Овој концерт за класична гитара ќе понуди едно сосема ново и интересно доживување, нов освежувачки звук со нашите македонски виртуози на класична гитара, Проф.Дејан Лазаревски, Георги Трајков, Александра Кировска и најмладиот Давид Костов, кои ќе дадат нова димензија и на популарната класична музика, како и на помалку познатите композиции:

1. Квартет изведба на

"TANGO" од Дитер Крајдлер, германски композитор, гитарист и музички педагог, роден во 1943 година.

Студирал на Музичкиот Конзерваториум во Дизелдорф и има добиено повеќе награди за неговите  композиции.

Во 1997 година е избран за декан на Музичката Академија во Вупертал, Келн.

Тангото е страстен танц од Аргентина и Уругвај кој потекнува од крајот на 19 век.

2. Проф.м-р Дејан Лазаревски (солисист)

"Café 2 Tear Prelude" и "Café 4 A Funny Valse" од Војислав Ивановиќ, современ композитор и гитарист на денешницата кој потекнува од Босна и Херцеговина.

Неговите композиции вклучуваат елементи од класичната ,џез и традиционална фолклорна тематика.

Има пишувано композиции како за соло гитара така и за камерни состави како дуо класична гитара,концерти и сонати за класична гитара.

3. Александра Кировска (солист)

"Gavotte 1&2" (од свита 995) од Јохан Себастијан Бах.

Во ова дело се спојуваат речиси сите аспекти на стилот на барокната музика.

"Sonata Mexicana - Andantino affetuoso" е соната е напишана од мексиканскиот композитор Manuel Ponce. Неговата работа како композитор, музички едукатор и изучувач на мексиканската музика ја поврзува концертната сцена со претежно заборавената традиција на популарната песна и мексиканскиот фолклор.

4. Давид Костов и Георги Трајков (дует)

"DANZA CUBANA" од Хеитор Вила-Лобос, бразилски композитор (1887-1957).

Тој е еден од најважните латиноамерикански композитори на 20 век и е познат по својот уникатен стил кој ја комбинира бразилската народна музика со европската класична музика. "Danza Cubana" е жив и разигран танц од Куба.

5. Давид Костов (солист)

"PRELUDE BWV 997" од Јохан Себастијан Бах, (1685-1750), германски композитор и музичар од барокниот период.

Нашироко се смета за еден од најголемите композитори во западната музичка историја, а неговата музика имаше големо влијание врз следните генерации композитори и музичари.